CIVICA MOBILITAS

2015

# ДОВЕРБАТА ВО ЛУЃЕТО И ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор

**Автор**
Даниела Стојанова

**Подготовка**
Велика Стоилова, Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

ISBN 978-608-4681-36-6

Скопје, август 2015 г.

**Контакт**
**МЦМС**, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
**Цивика мобилитас**, е-пошта: helpdesk@civicamobilitas.mk; веб-страница: http://www.civicamobilitas.mk/mk/
Facebook: https://www.facebook.com/civicamobilitas/

Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и СИПУ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарсата агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ........ **0**

**ИНДЕКСИ** ........ **1**

**ВОВЕД** ........ **2**

**I. ОПШТА ДОВЕРБА** ........ **4**

**II. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ** ........ **6**

II 1. Доверба во државниот сектор ........ 7

II 2. Доверба во меѓународната заедница ........ 13

**III. ДОВЕРБА ВО ПРОФЕСИИ** ........ **15**

**IV. ЗАКЛУЧОЦИ** ........ **17**

**ПРИЛОЗИ** ........ **17**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АРМ: Армија на Република Македонија

ВМРО-ДПМНЕ: Внатрешно-македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство

ГО: Граѓански организации

ДПА: Демократска партија на Албанците

ДУИ: Демократска унија за интеграција

ЕУ: Европска Унија

МЦМС: Македонски центар за меѓународна соработка

НАТО: Организацијата на Северноатлантскиот договор

ОН: Обединети нации

СДСМ: Социјалдемократски сојуз на Македонија

# ИНДЕКСИ

| Општа доверба | 2015 | | 2013 | 2012[1] | 2010 | 2008 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе (општо во луѓето) | 52,8 | ↓ | 56,0 | 50,9 | - | - | - | - |
| Соседи | 73,3 | ↑↑ | 68,0 | 68,1 | - | - | - | - |
| Колеги | 50,7 | ↔ | 51,6 | 45,4 | - | - | - | - |
| Сонародници (земјаци, сограѓани) | 47,5 | ↔ | 47,3 | 38,6 | - | - | - | - |
| Непознати (туѓинци) | 24,8 | ↑↑ | 18,3 | 17,3 | - | - | - | - |
| **Доверба во институциите** | | | | | | | | |
| Држава | 43,5 | ↓ | 47,5 | - | 38,7 | 48,1 | 38,6 | 29,2 |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | 46,5 | ↔ | 47,7 | - | 46,7 | 47,0 | 51,9 | 49,8 |
| Граѓански (невладин) сектор | 47,3 | ↓↓ | 54,2 | - | 48,1 | 41,7 | 45,3 | 48,1 |
| Политички партии | 35,4 | ↑↑ | 27,9 | 23,7 | 23,3 | 29,8 | 23,1 | 22,3 |
| Медиуми | 41,0 | ↑ | 37,4 | - | 40,4 | 53,6 | 52,6 | 56,7 |
| Меѓународна заедница | 45,3 | ↔ | 43,5 | - | 49,1 | 42,8 | 47,3 | 44,5 |
| Банки и финансиски институции[2] | 56,6 | ↔ | 56,3 | - | 59,3 | - | - | - |
| Индекс на доверба во институциите | 45,1 | ↔ | 44,9 | - | 41,0[3] | 43,9 | 43,1 | 41,7 |
| **Доверба во државниот сектор** | | | | | | | | |
| Претседател на Република Македонија | 46,9 | ↓↓ | 56,8 | 49,1 | 37,5 | 35,6 | 35,1 | 33,1 |
| Собрание на Република Македонија | 38,0 | ↓ | 41,9 | - | 34,4 | 38,0 | 32,6 | 28,3 |
| Влада на Република Македонија | 38,5 | ↓ | 42,5 | 37,0 | 36,8 | 51,0 | 44,6 | 26,6 |
| Локална самоуправа | 44,2 | ↓↓ | 50,4 | - | 41,4 | 44,7 | 44,8 | 45,5 |
| Правосудство на Република Македонија[4] | 28,9 | ↓↓↓ | 41,5 | 30,6 | 30,4 | 21,2 | 21,1 | 23,8 |
| Јавно обвинителство | 30,4 | - | - | - | - | - | - | - |
| Армија на Република Македонија | 64,6 | ↔ | 64,8 | 56,6 | 62,9 | 64,6 | 64,4 | - |
| Полиција на Република Македонија | 56,6 | ↓↓ | 65,3 | 47,4 | 52,1 | 56,6 | 57,3 | - |
| Образовни институции | 66,8 | ↓↓ | 74,3 | - | 62,1 | 65,8 | 68,5 | 65,6 |
| Здравствени организации[5] | 63,2 | ↓↓ | 68,9 | - | 50,7 | 55,1 | - | - |
| Институции за социјална заштита | 51,0 | ↓ | 54,6 | - | 39,5 | - | - | - |
| Комунални претпријатија[6] | 54,1 | ↔ | 55,7 | - | 42,1 | 38,8 | - | - |
| Управа за безбедност и контраразузнавање | 28,8 | - | - | - | - | - | - | - |
| Државна комисија за спречување на корупција | 29,7 | - | - | - | - | - | - | - |
| Индекс на доверба во институциите на државниот сектор | 45,8 | - | 56,0[7] | - | 44,5 | 47,1 | 46,1 | 37,2 |
| **Доверба во граѓанскиот сектор** | | | | | | | | |
| Граѓански организации | 50,5 | ↓↓ | 59,3 | 49,0 | 42,5 | 41,2 | 45,4 | 50,3 |
| Цркви и верски заедници | 57,9 | ↓↓ | 66,9 | 63,8 | 62,9 | 65,6 | 65,6 | 68,4 |
| Синдикати | 35,3 | ↔ | 35,9 | - | 25,3 | 20,1 | 17,9 | 21,9 |
| Стопански комори | 35,9 | ↔ | 36,8 | - | 28,5 | 23,3 | 24,3 | 29,9 |
| Организации на работодавачи | 36,5 | ↔ | 35,6 | - | 27,2 | - | - | - |
| Индекс на доверба во организации од граѓанскиот сектор | 43,2 | ↓ | 46,9 | - | 37,3 | 37,6 | 38,3 | 42,6 |
| **Доверба во меѓународната заедница** | | | | | | | | |
| Европска Унија | 60,4 | ↑ | 55,8 | 53,1 | 57,8 | - | - | - |
| Обединети нации | 65,8 | ↑↑ | 58,8 | 55,5 | 61,1 | - | - | - |
| НАТО | 64,0 | ↑↑ | 56,3 | 54,0 | 60,5 | - | - | - |
| ОБСЕ | 57,6 | - | - | - | - | - | - | - |
| Совет на Европа | 54,8 | - | - | - | - | - | - | - |
| Индекс на доверба во институциите на меѓун. заедница | 60,5 | - | 57,0[8] | - | 59,8 | - | - | - |
| **Доверба во професиите** | | | | | | | | |
| Државни службеници | 49,6 | ↓ | 54,1 | - | 34,8 | - | - | - |
| Судии | 34,8 | ↓↓ | 43,1 | - | 28,8 | 20,7 | 25,5 | - |
| Јавни обвинители | 32,4 | - | - | - | - | - | - | - |
| Цариници | 37,5 | ↔ | 36,5 | - | 28,7 | 27,3 | 17,7 | - |
| Полицајци | 54,8 | ↔ | 57,8 | - | 43,5 | 51,3 | 50,2 | - |
| Наставници, професори | 73,8 | ↔ | 74,3 | - | 66,6 | 71,1 | 64,7 | - |
| Лекари | 69,5 | ↔ | 72,2 | - | 64,9 | 66,8 | 54,5 | - |
| Свештеници, верски лица | 55,0 | ↓↓ | 64,3 | - | 53,8 | 54,0 | 54,9 | - |
| Деловни, бизнис-консултанти | 44,3 | ↔ | 45,7 | - | 41,1 | 41,4 | 40,4 | - |
| Новинари | 43,0 | - | - | - | - | - | - | - |
| Службеници во локална самоуправа | 45,1 | - | - | - | - | - | - | - |
| Индекс на доверба во професиите | 49,1 | - | 56,0 | - | 45,3 | 47,5 | 51,3 | - |

[1] Податоците за 2012 г. се преземени од Балканскиот монитор: http://www.balkan-monitor.eu.
[2] Во 2010 г. е прашано само за доверба во банките, а претходните години не е поставено прашањето.
[3] Индексите во периодот 2006-2010 година не ги вклучуваат банките и финансиските институции.
[4] Во 2007 и во 2008 година е прашано за доверба во судството во Република Македонија.
[5] Во 2007 и во 2008 година е прашано за доверба во јавните здравствени институции.
[6] Во 2007 и 2008 година е прашано за доверба во јавните комунални претпријатија.
[7] Индексите во периодот 2006-2013 година не ги вклучуваат сите институции, за кои во 2015 година е мерена довербата.
[8] Индексите во 2013 и 2010 година не ги вклучуваат сите институции, за кои во 2015 година е мерена довербата.

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија“, кои се однесуваат на довербата во луѓето и институциите[9], а која беше спроведена по шести пат[10] на национален репрезентативен примерок со граѓаните на Република Македонија.

Целта на истражувањето е да се испита довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) оваа година го подготви извештајот како дел од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

МЦМС му ја довери анкетата на јавното мислење на М-Проспект, чија одговорност беше и нејзината методолошката исправност. Врз основа на акетата е подготвен овој извештај.

Повеќе информации за МЦМС и Цивика мобилитас се дадени на крајот од извештајот.

## Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице“ во домаќинствата во текот на март 2015 година на репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

### Прашалник

Прашањата се подготвени од работна група во МЦМС. За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли: Доверба – општо (социокултурни норми); Доверба во граѓанското општество; Доверба во граѓанските организации; Познавање и мислење за граѓански организации во Македонија; и Социодемографски карактеристики.

Во овој извештај се опфатени варијаблите кои се однесуваат на општата доверба и довербата во институциите. Целосниот прашалник е даден во прилог 1.

### Примерок

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1.000 испитаници, 49,8 % беа жени, а 50,2 % мажи, во однос на етничката застапеност, Македонците беа застапени со 68,3 %, а Албанците со 23,9 %, другите етнички групи беа застапени со вкупно 7,8 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 36,4 %, додека градската со 63,6 %.

Целосен преглед на примерокот е даден во прилог 2.

### Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со маргина на грешка од +/- 3,5 %.

---

[9] Извештајот за довербата во граѓанското општество е објавен посебно и може да се најде на:

[10] Анкетата започна да се спроведува во 2006 година. Претходните извештаи може да се најдат на: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/530.html

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки.

Покрај бројките е прикажан трендот во однос на резултатите од 2015 година за афирмативните одговори (на пр. има доверба), за оние податоци кои се споредливи со истражувањето од 2013 година. Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или со незначителни промени | Без или со незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба употребени се и индекси (показатели).

Незначително малцинство се употребува за одговори на помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите.

# 1. ОПШТА ДОВЕРБА

Во првиот дел од истражувањето се испитува довербата општо во луѓето, но и довербата во различни групи луѓе, како што се соседите, колегите, сонародниците и непознатите. Во 2015 година, општата доверба во луѓето сè уште е мнозинска (52,8 %), но со мал пад во споредба со истражувањето од 2013 г.

**Графикон 1.1. Општа доверба во луѓето**




Уште едно прашање беше наменето за испитување на општата доверба во луѓето, но сега од аспект на нивното чесно постапување наспроти искористувањето на другите луѓе. На вака поставеното прашање довербата е малцинска (27,9 %) и е значително намалена во споредба со 2013 година, кога била 42,1 %.

**Графикон 1.2. Ставови за довербата гледано низ призмата на постапките на луѓето**




Следното прашање ја испитува довербата во луѓе кои ги познаваме, како соседите и колегите и во луѓе кои малку или воопшто не ги познаваме, како што се земјаците и туѓинците.

Довербата е мнозинска кога се работи за луѓето кои ги познаваме, особено за соседите со 73,3 % доверба, која бележи и умерен пораст во однос на 2013 година. Малку повеќе од половина од испитаниците им веруваат и на своите колеги. Довербата се намалува со намалување на степенот на познавање, па така 47,5 % од испитаниците им веруваат на земјаците т.е. своите сонародници. Иако бележи умерен раст, сè уште мало малцинство (24,8 %) граѓани им веруваат на непознатите или туѓинците.

**Графикон 1.3. Доверба во луѓето**



Во овој дел, интересно е да се спомене разликата меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во општата доверба во луѓето, како и довербата во земјаците и непознатите, која е значителна (над 10 процентни поени). Поточно, етничките Албанци имаат значително помала доверба од етничките Македонци општо во луѓето и во земјаците и непознатите. Но тие имаат пак малку поголема доверба во соседите и колегите.

Друга поинтересна разлика, се јавува меѓу религиозните и нерелигиозните граѓани. Граѓаните кои за себе сметаат дека се религиозни имаат значително поголема доверба општо во луѓето, во соседите, колегите и во земјаците од оние што се перципираат како нерелигиозни.

Позначителни разлики се јавуваат и по регионите, односно полошкиот регион е со најниска општа доверба поточно со доверба општо во луѓето и во непознатите и земјаците, но заедно со југозападниот регион имаат највисока доверба (над 80 %) и над вкупната во соседите и колегите од работа.

Нема разлика меѓу етничките заедници или е мала меѓу религиозните и нерелигиозните кога е во прашање чесноста на луѓето, односно мнозинството во сите групи сметаат дека повеќето луѓе би се обиделе да ги искористат. За ова прашање нема поголеми разлики ни кај другите социодемографски групи, освен кај граѓаните од југозападниот и југоисточниот регион, кои значително повеќе (42 т.е. 41 % над просекот од 27, 9 %) сметаат дека повеќе луѓе би се обиделе да постапат чесно.

# 2. ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Со довербата во институциите е истражувана довербата според трисекторскиот пристап: држава, деловен (приватен) и граѓански сектор. Медиумите и политичките партии поради можноста да припаѓаат во повеќе сектори се издвоени посебно. Како специфичен дел од приватниот сектор се издвоени и банките, а истражувана е и довербата во меѓународната заедница.

Граѓаните во 2015 година најмногу доверба имале во банките и финансиските институции, кои се и единствени оваа година што имаат мнозинска доверба (56,6 %). Иако со умерено намалена доверба во однос на 2013 година, но сепак на нивото од годините пред тоа (2006-2010), граѓанскиот сектор во листата на најдоверливи институции за граѓаните. Освен граѓанскиот сектор, пад од четири процентни поени во довербата бележи и државата. Годинава, единствен пораст на довербата во однос на 2013 година бележат политичките партии и тоа од 27,9 % во 2013 година на 35,4 % во 2015 година. Сепак не бележат промена во редоследот на доверба, поточно сè уште граѓаните имаат најмала доверба во нив.

**Графикон 2.1. Доверба во институциите**




Може да се забележи и дека банките, деловниот сектор и меѓународната заедница не бележат промени во довербата откога се испитува довербата во нив.

Од аспект на поврзаноста на социодемографските карактеристики со довербата во институциите, имајќи ги предвид наодите од претходните анкети ги анализиравме разликите меѓу етничките заедници.

**Табела 2.1. Доверба во државата и во политичките партии кај етничките Македонци и кај етничките Албанци по години (во %)**

| Година | | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно | | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | ДРЖАВА | 51,0 | 22,2 | 43,5 | ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ | 36,0 | 35,0 | 35,4 |
| **2013** | | 53,3 | 35,4 | 47,5 | | 29,1 | 28,9 | 27,9 |
| **2010** | | 48,2 | 16,0 | 38,7 | | 25,4 | 16,4 | 23,3 |
| **2008** | | 51,8 | 42,1 | 48,1 | | 26,2 | 42,3 | 29,8 |
| **2006** | | 26,5 | 36,2 | 29,2 | | - | - | - |

Значителни разлики во довербата меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, како и во изминатите анкети, има кај довербата во државата. Највисока разлика имало во 2010 година, а годинава етничките Албанци имаат за 28,8 процентни поени помала доверба во државата од етничките Македонци. Довербата на етничките Македонци во државата е релативно стабилна од 2008 година, додека кај етничките Албанци довербата редовно бележи значителни зголемувања или намалувања од 2008 година.

Позначителни разлики по основ на етничка припадност има и во довербата во граѓанскиот сектор и во медиумите. Етничките Албанци имаат за 12 процентни поени помала доверба во граѓанското општество од етничките Македонци и за 14 процентни поени во однос на другите етнички заедници. Тие имаат и за 11 процентни поени помала доверба во медиумите, отколку етничките Македонци и за 10 процентни поени од останатите етнички заедници.

**Табела 2.2. Доверба во граѓанскиот сектор и медиумите кај етничките Македонци и кај етничките Албанци по години (во %)**

| Година | | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно | | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | ГРАЃАН-СКИ СЕКТОР | 52,5 | 40,0 | 47,3 | МЕДИ-УМИ | 38,6 | 49,7 | 41,0 |
| **2013** | | 56,1 | 58,8 | 54,2 | | 37,0 | 41,9 | 37,4 |
| **2010** | | 49,3 | 45,7 | 48,1 | | 40,5 | 38,3 | 40,4 |

Разликите во довербата во политичките партии по основ на етничка припадност се незначителни оваа година, но и претходната. Незначителни разлики во довербата има и кај меѓународната заедница и деловниот (приватниот) сектор.

Позначителни разлики од аспект на социодемографски карактеристики се јавуваат од аспект на чувството на испитаниците за припадност во одредена класа кон повеќе институции. Довербата во поголем дел од институциите опаѓа од висока класа до пониска класа и разликите меѓу двете гранични класи се значителни (и до 30 процентни поени).

**Табела 2.3. Разлика во довербата во институции по класи (%)**

| Класа | Висока | Повисока средна | Пониска средна | Работничка | Пониска | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медиуми** | 58,9 | 49,7 | 39,9 | 36,0 | 28,5 | 41,0 |
| **Меѓународна заедница** | 66,0 | 54,0 | 47,2 | 41,7 | 35,6 | 45,3 |
| **Приватен сектор** | 60,5 | 56,8 | 49,7 | 40,7 | 39,5 | 46,5 |
| **Банки и финансиски институции** | 78,0 | 59,0 | 56,6 | 55,2 | 52,9 | 56,6 |
| **Политички партии** | 48,4 | 39,6 | 33,7 | 34,0 | 34,5 | 35,4 |

Местото на живеење има влијание на довербата во медиумите, банките и финансиските институции и во политичките партии.

**Табела 2.4. Разлика во довербата во институции по место на живеење (%)**

| Место на живеење | Рурално | Урбано | Скопје | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Медиуми** | 47,2 | 35,5 | 42,8 | 41,0 |
| **Банки и финансиски институции** | 62,3 | 51,9 | 60,8 | 56,6 |
| **Политички партии** | 42,5 | 29,9 | 37,2 | 35,4 |

Оние граѓани чии домаќинства имаат најниски месечни примања (под 1.500 денари по член на домаќинство) имаат значително помала доверба во сите институции.

Позначителни разлики се јавуваат и од аспект на симпатизерството на одредена политичка партија, па така симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ имаат поголема доверба во сите институции во однос на симпатизерите на СДСМ, ДУИ и ДПА.

**Табела 2.5. Разлика во довербата во институции по симпатизерство на политички партии (во %)**

| Партија | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Држава** | 87,3 | 19,9 | 26,8 | 3,0 | 43,5 |
| **Приватен сектор** | 72,7 | 40,4 | 33,9 | 25,5 | 46,5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓански сектор** | 75,2 | 32,9 | 35,7 | 11,5 | 47,3 |
| **Политички партии** | 66,3 | 26,3 | 34,1 | 46,4 | 35,4 |
| **Медиуми** | 61,4 | 22,1 | 47,8 | 12,6 | 41,0 |
| **Меѓународна заедница** | 61,5 | 39,1 | 56,6 | 14,2 | 45,3 |
| **Банки и финансиски институции** | 73,0 | 44,4 | 35,7 | 52,8 | 56,6 |

Регионот исто така влијае на нивото на доверба во институциите и во табелата подолу се дадени регионите со најниска или највисока доверба во одредена институција. Разликите во довербата во одреден регион со довербата на национално се значителни, некаде поголеми и од 20 процентни поени, а и меѓу самите региони има значителни разлики. Жителите на североисточниот регион имаат најниска доверба од останатите во сите институции, освен во банките.

**Табела 2.6. Највисока и најниска доверба во институции по региони (%)**

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Институција** | **Регион** | **%** | **Регион** | **%** | **%** |
| **Држава** | Југоисточен | 67,2 | Североисточен | 25,7 | 43,5 |
| **Приватен сектор** | Полошки | 58,0 | Североисточен | 32,9 | 46,5 |
| **Граѓански сектор** | Југоисточен | 60,1 | Североисточен | 36,7 | 47,3 |
| **Политички партии** | Југоисточен | 40,1 | Североисточен | 20,6 | 35,4 |
| **Медиуми** | Полошки | 54,3 | Североисточен | 18,8 | 41,0 |
| **Меѓународна заедница** | Југозападен | 58,8 | Североисточен | 34,4 | 45,3 |
| **Банки и финансиски институции** | Пелагониски | 77,5 | Источен | 27,1 | 56,6 |

## 2.1. Доверба во државниот сектор

Довербата во државата е истражувана и преку довербата во основните институции кои ја сочинуваат, како Претседател, Собрание, Влада, правосудство, локална самоуправа и институциите кои ги обезбедуваат клучните услуги, како одбраната (армијата), полицијата, образовните и здравствените институции и тие за социјална заштита, како и комуналните претпријатија. Во истражувањето од 2015 година се додадени Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК).

Карактеристично за овогодинешното испитување на јавното мислење е значителното или умереното намалување на довербата во речиси сите државни институции. Незначително намалена доверба има единствено кај армијата и комуналните претпријатија.

**Графикон 2.3. Доверба во државниот сектор**




Армијата со години бележи стабилна мнозинска доверба од граѓаните (над 50 %) и заедно со образовните институции е најдоверлива институција за мнозинството граѓани. Иако намалена, сепак мнозинска доверба имаат и институциите кои испорачуваат услуги за граѓаните како што се полицијата, здравствените институции и оние за социјална заштита, комуналните претпријатија.

Најголема или значителна разлика во однос на 2013 година се јавува во довербата во правосудството, но истата е на нивото од претходните години (2006-2010). Правосудството, заедно со ДКСК и УБК, ужива и најмала доверба од граѓаните, а слична недоверба има и во Јавното обвинителство.

Мало или умерено опаѓање во довербата има во однос на трите највисоки институции на државата, претседателот, Собранието и Владата на Република Македонија.

Етничката припадност има влијание врз довербата во институциите, така што етничките Албанци имаат значително помала доверба од етничките Македонци во претседателот, Собранието и Владата, АРМ, полицијата и образовните институции.

Од аспект на останатите социодемографски карактеристики забележително е дека најмладите испитаници (18-29 години) и соодветно на тоа студентите имаат помала доверба од сите останати возрасни групи во скоро сите институции на државата.

Значително или умерено над просекот доверба во претседателот, собранието и владата имаат пензионерите и вработените во јавниот сектор, а помало пак испитаниците со најмали примања во домаќинството и оние кои се политички лево ориентирани. Во овие три институции помала доверба имаат испитаниците со висок степен на образование. Местото на живеење има поголемо влијание кај довербата во јавното обвинителство, судството и УБК, во кои поголема доверба имаат жителите на руралните места. Од аспект на регион, повторно жителите на североисточна Македонија имаат помала доверба во најголем дел од институциите за разлика од останатите региони, вклучително и во институциите каде довербата во сите останати региони е слична.

**Табела 2.7. Највисока и најниска доверба во државни институции по региони (во %)**

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Институција** | **Регион** | **%** | **Регион** | **%** | **%** |
| **Претседател** | Југоисточен | 73,4 | Полошки | 32,2 | 46,9 |
| **Собрание** | Југоисточен | 48,2 | Североисточен | 26,8 | 38,0 |
| **Влада** | Пелагониски | 55,3 | Североисточен | 27,8 | 38,5 |
| **Единици на локална самоуправа** | Југоисточен | 61,9 | Североисточен | 22,4 | 44,2 |
| **Јавно обвинителство** | Југозападен | 46,2 | Североисточен | 18,7 | 30,4 |
| **Судство** | Полошки | 44,9 | Североисточен | 9,8 | 28,9 |
| **АРМ** | Југоисточен | 78,7 | Североисточен | 36,7 | 64,6 |
| **Полиција** | Полошки | 71,8 | Североисточен | 19,5 | 56,6 |
| **Државна комисија за спречување на корупцијата** | Југозападен | 47,2 | Североисточен | 10,4 | 29,7 |
| | | | Источен | 10,7 | |
| **Управа за безбедност и контраразузнавање** | Полошки | 53,7 | Источен | 14,7 | 28,8 |

## Доверба во претседателот на државата

Довербата во институцијата претседател на државата има намалување од 9,9 процентни поени во однос на 2013 година.

Значително опаѓање на довербата во претседателот на државата има кај етничките Македонци, но оваа доверба сè уште е двојно поголема од онаа на етничките Албанци.

Значителни разлики има и меѓу симпатизерите на различните политички партии, но и кај симпатизерите на иста партија во однос на 2013 г. Така, големо мнозинство (над 90 %) од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ имаат доверба во претседателот, која е значително повисока во однос на симпатизерите на другите партии и е умерено зголемена во однос на 2013 г. Мало малцинство симпатизери на СДСМ и ДУИ има доверба во претседателот и оваа доверба е намалена, особено кај симпатизерите на СДСМ, во однос на 2013 г.

**Табела 2.8. Доверба во претседателот по етничка и по партиска основа по години (во %)**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 54,0 | 24,0 | 90,6 | 25,7 | 25,4 | 8,5 | 39,4 | 46,9 |
| **2013** | 71,4 | 28,2 | 84,9 | 50,6 | 33,3 | 3,1 | 59,6 | 56,8 |
| **2010** | 48,9 | 9,0 | 74,7 | 25,9 | 9,1 | 6,0 | 32,3 | 37,5 |
| **2008** | 40,4 | 18,7 | 24,3 | 72,9 | - | - | 38,9 | 35,6 |

Од останатите групи се истакнуваат помладите (18-29 години), и последователно студентите, кои имаат значително помала доверба отколку која било друга возрасна група т.е. работен статус. За разлика од помладите и студентите, повозрасните лица (над 60 години) и пензионерите имаат умерено т.е. значително повисока доверба од просечната во претседателот. Регионот има влијание и на довербата во претседателот, па полошкиот и североисточниот имаат значително пониска, а југоисточниот значително повисока доверба во оваа институција, разликата меѓу регионот со најниска и регионот со највисока доверба е 41 процентен поен. Во останатите региони нема поголеми разлики и се во близина на довербата на национално ниво.

## Доверба во Собранието

Во однос на довербата во Собранието постои мало опаѓање во споредба со 2013 година (од 41,9 % на 38,0 %) и ова опаѓање е и кај етничките Македонци и Албанци. Слично како кај довербата во претседателот, има значителни разлики меѓу симпатизерите на различните политички партии, но и кај симпатизерите на иста партија во однос на 2013 г. Големо мнозинство од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (81,6 %) имаат доверба во Собранието, која е значително зголемена во споредба со 2013 г. и е значително повисока од вкупната доверба и од довербата на симпатизерите на другите партии. Довербата во Собранието во однос на 2013 година е значително опадната кај симпатизерите на СДСМ и ДУИ.

**Табела 2.9. Доверба во Собранието по етничка и по партиска основа во 2013 и 2015 година (во %)**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 43,3 | 22,2 | 81,6 | 20,6 | 18,9 | 7,6 | 35,0 | 38,0 |
| **2013** | 49,0 | 29,3 | 69,3 | 37,5 | 37,7 | 9,4 | 39,5 | 41,9 |

Младите на возраст од 18 до 29 години и студентите имаат помала доверба во Собранието (30,3 т.е. 20,8 %), а повисока доверба имаат вработените во јавниот сектор (51,2 %). Како и за довербата во останатите институции, и во Собранието жителите на североисточниот регион имаат најниска доверба (26,8 %), а оние на југоисточниот највисока (48,2 %).

## Доверба во Владата

Слично како во Собранието е и во однос на довербата во владата, поточно резултатите од 2015 година укажуваат на мало опаѓање во споредба со 2013 (од 42,5 % на 38,5 %).

**Табела 2.10. Доверба во Владата по етничка и по партиска основа по години (во %)**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симпат. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 45,0 | 21,0 | 87,2 | 17,0 | 20,2 | 7,6 | 32,5 | 38,5 |
| **2013** | 48,7 | 30,8 | 75,0 | 22,8 | 39,1 | 12,5 | 40,8 | 42,5 |
| **2010** | 44,1 | 18,5 | 77,2 | 17,3 | 22,2 | 14,0 | 29,0 | 36,8 |
| **2008** | 56,2 | 38,5 | 74,9 | 35,9 | 35,4 | 29,0 | 46,0 | 51,0 |

Умерено опаѓање се забележува кај етничките Албанци (10 процентни поени), додека кај етничките Македонци не се присутни значителни промени. По партиска основа единствено зголемување на довербата во Владата се забележува кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, додека кај симпатизерите на СДСМ, ДУИ и ДПА има намалување (од околу 10 процентни поени) во споредба со 2013 г. Довербата на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ е значително повисока во однос на која било друга социодемографска доверба.

Во однос на работниот статус, единствено кај земјоделците се забележува мал раст на довербата во Владата. Најголемо опаѓање на довербата во Владата се забележува кај студентите (18 процентни поени), како и кај невработените (11 процентни поени).

**Табела 2.11. Доверба во Владата по работен статус по години (во %)**

| Година | Јавен сектор | Приватен сектор | Земјоделец | Студент | Домаќин/ка | Невраб. | Пензион. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 52,9 | 36,1 | 55,3 | 17,1 | 38,2 | 30,0 | 45,9 | 38,5 |
| **2013** | 56,3 | 37,7 | 50,0 | 35,0 | 40,3 | 41,2 | 49,1 | 42,5 |
| **2010** | 42,8 | 39,7 | 36,8 | 37,8 | 19,0 | 30,2 | 42,8 | 36,8 |
| **2008** | 51,1 | 51,3 | 54,0 | 50,3 | 45,7 | 50,3 | 61,3 | 51,0 |

Младите на возраст од 18 до 29 години и жителите на североисточниот регион бележат најмала доверба во Владата (30 т.е. 27,8 %).

## Доверба во армијата и полицијата

Армијата и полицијата и натаму уживаат доверба кај мнозинството граѓани (64,6 % т.е. 56,6 %), но довербата во полицијата е умерено намалена во однос на 2013 година.

**Табела 2.12. Доверба во полицијата по етничка основа по години (во %)**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2015** | 58,9 | 47,8 | 56,6 |
| **2013** | 70,7 | 55,4 | 65,3 |
| **2010** | 59,5 | 31,5 | 52,1 |
| **2008** | 62,6 | 42,0 | 56,6 |
| **2007** | 52,1 | 45,6 | 57,3 |

Поголемо опаѓање на довербата во полицијата во однос на 2013 г. има кај етничките Македонци (11,7 процентни поени) отколку кај етничките Албанци (7,4 процентни поени).

Од аспект на етничка припадност, забележително е пониската доверба во армијата од страна на етничките Албанци (46,3 %), наспроти етничките Македонци (73,7 %). Во довербата во полицијата овие разлики меѓу етничките заедници се многу помали (58,9 наспроти 47,8 %),

Најмладите и студентите имаат најниска доверба и во АРМ и во полицијата, додека највозрасните и пензионерите имаат највисока доверба. Најниска доверба од сите социодемографски групи и во армијата и полицијата имаат жителите на североисточниот регион.

**Табела 2.13. Разлики во довербата во армијата и полицијата по возраст, работен статус и регион по години (во %)**

| Институција | 18-29 г. | Над 60 г. | Студенти | Пензионери | Североист. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Армија** | 50,0 | 83,0 | 43,1 | 86,8 | 36,7 | 64,6 |
| **Полиција** | 45,2 | 66,7 | 42,1 | 65,4 | 19,5 | 56,6 |

## Доверба во локалната самоуправа

Слично како кај полицијата, по малиот раст во 2013 година, има умерен пад на довербата во локалната самоуправа во 2015 година (од 50,4 %, на 44,2 %).

**Табела 2.14. Доверба во локалната самоуправа по етничка основа по години (во %)**

| Година | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2015** | 46,0 | 38,6 | 44,2 |
| **2013** | 52,2 | 47,6 | 50,4 |
| **2010** | 44,4 | 33,6 | 41,4 |
| **2008** | 41,7 | 55,6 | 44,7 |

Опаѓањето на довербата во локалната самоуправа е умерено и кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, а и разликата во довербата меѓу овие две етнички заедници е умерена.

Најниска доверба во локалната самоуправа имаат младите, студентите и имаат жителите на североисточниот регион.

**Табела II.15. Доверба во локалната самоуправа во регионите по години (во %)**

| Година | Скопски | Југоисточ. | Источен | Североист. | Вардар. | Југозап. | Полог | Пелагон. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 47,0 | 61,9 | 45,2 | 22,4 | 33,1 | 51,1 | 49,8 | 44,6 | 44,2 |
| **2013** | 50,6 | 61,1 | 40,7 | 52,5 | 57,6 | 51,8 | 47,0 | 58,8 | 50,4 |
| **2010** | 41,7 | 60,7 | 46,8 | 41,8 | 29,9 | 29,9 | 36,8 | 43,2 | 41,4 |
| **2008** | 41,0 | 49,3 | 24,4 | 32,3 | 43,4 | 41,5 | 64,6 | 57,4 | 44,4 |

Поголемо зголемување на довербата во локалната самоуправа во однос на 2013 година има во источниот и пелагонискиот регион, а значително опаѓање се јавува во североисточниот и вардарскиот регион (над 20 процентни поени).

Довербата во комуналните претпријатија и во 2015 година е мнозинска (54,1 %) и промената е незначителна во однос на 2013 година. За истакнување е големото опаѓање на доверба во комуналните претпријатија во североисточниот и во вардарскиот регион во однос на 2013 година.

## 2.2. Доверба во меѓународната заедница

Довербата кон меѓународната заедница во 2015 година е истражувана преку довербата во пет меѓународни организации и/ или сојузи: Обединетите нации (ОН), Европската Унија (ЕУ), Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО), Советот на Европа и Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ).

Општата доверба во меѓународната заедница и во 2015 г. е малцинска (43,5 %) и не бележи значителни промени во однос на 2013 година, но испитувано по институциите кои ја претставуваат, се јавува зголемување.

**Графикон 2.4. Доверба во меѓународната заедница во 2015 г. (%)**




Најголема доверба од меѓународната заедница кај граѓаните на Македонија уживаат Обединетите нации и НАТО, а најмала, но сепак мнозинска Советот на Европа.

Кај довербата во Обединетите нации и НАТО се забележува и умерено зголемување на довербата во однос на 2013 г. Мало зголемување на довербата има и во ЕУ.

За разлика од довербата во домашните институции, најмладите имаат највисока доверба во сите меѓународни (над 70 %). Најголеми разлики во довербата сепак има кај етничките заедници.

**Табела 2.16. Доверба во ОН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и Советот на Европа по етничка припадност и симпатизерство на политичка партија (во %)**

| Организација | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Обединети нации** | 66,0 | 78,7 | 72,7 | 72,6 | 80,0 | 73,0 | 69,4 |
| **Европска Унија** | 57,8 | 76,9 | 79,8 | 64,5 | 82,4 | 65,8 | 62,9 |
| **НАТО** | 62,0 | 80,7 | 70,3 | 64,7 | 85,4 | 70,6 | 67,0 |
| **ОБСЕ** | 58,1 | 74,5 | 65,6 | 64,1 | 84,6 | 73,8 | 62,5 |
| **Совет на Европа** | 56,1 | 80,6 | 59,6 | 67,4 | 80,5 | 78,3 | 63,5 |

Најголема разлика се забележува во однос на довербата во Советот на Европа, во кој етничките Албанци имаат за 25 процентни поени поголема доверба од етничките Македонци. Најмала разлика постои во однос на довербата во ОН, но и таа е значителна.

Од аспект на симпатизерите на политичките партии, најголема доверба во сите меѓународни институции и организации има ДУИ (над 80 %). Симпатизерите на ВМРО-ДМПНЕ најмногу доверба имаат во ЕУ, на СДСМ во ОН, на ДУИ во НАТО и на ДПА во Советот на Европа.

Граѓаните кои сметаат дека припаѓаат на пониските класи, имаат значително помала доверба во сите меѓународни институции од оние кои се чувствуваат како припадници на повисоките класи. Жителите на руралните заедници имаат пак повисока доверба во меѓународните институции во однос на оние кои живеат во урбана заедница или во Скопје.

И регионот на живеење има влијание на довербата во меѓународната заедница и за прв пат овде жителите на североисточниот регион не се оние со најниска доверба во сите институции.

**Табела 2.17. Доверба во ОН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и Советот на Европа по региони (во %)**

| Инст. | Скопски | Југоисточ. | Источен | Североист. | Вардар. | Југозап. | Полог | Пелагон. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОН** | 70,1 | 68,5 | 59,6 | **56,8** | 71,6 | 78,8 | **80,8** | 60,9 | 69,4 |
| **ЕУ** | 62,6 | 59,9 | **31,5** | 48,2 | 67,6 | **86,7** | 81,5 | 53,6 | 62,9 |
| **НАТО** | 64,6 | 68,6 | 62,8 | **50,2** | 63,7 | 69,2 | **83,5** | 64,3 | 67,0 |
| **ОБСЕ** | 61,4 | 58,5 | **42,5** | 61,4 | 76,2 | **85,6** | 69,7 | 46,9 | 62,5 |
| **СЕ** | 64,5 | 62,4 | **31,1** | 55,4 | 73,0 | **79,4** | 78,3 | 57,8 | 63,5 |

# 3. ДОВЕРБА ВО ПРОФЕСИИ

Довербата во професиите во 2015 година бележи умерено опаѓање во однос на 2013 година, но е малку повисока од довербата во 2008 и 2010 година.

Најголема (мнозинска) доверба и во 2015 година уживаат наставниците, професорите и лекарите, а судиите и цариниците најмала. Мнозинска доверба уживаат и свештените лица и полицајците. Во овогодинешната анкета се мереше довербата и во новинарите, службениците во локална самоуправа и јавните обвинители, и од нив и воопшто од сите професии најниска доверба во 2015 година уживале јавните обвинители.

За разлика во 2013 година кога кај сите професии имало зголемување во споредба со 2010 година, скоро сите професии бележат умерено (верски лица, судии), мало (државни службеници) или незначително намалување (полицајци, наставници, лекари, консултанти).

**Графикон 3.1. Доверба во професии**




Поголеми разлики во довербата кај некои професии се јавуваат по етничка припадност, на пример етничките Македонци имаат значително поголема доверба во професорите, лекарите, полицајците, додека етничките Албанци имаат значително поголема доверба во свештениците и во новинарите. Разликите се мали или незначителни за другите професии.

Најголеми разлики во довербата во професиите има по основа на симпатизерство на политички партии, особено меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и сите останати.

**Табела 3.1. Разлики во довербата во професиите по симпатизерство на политички партии (во %)**

| Професија | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Професори** | 77,5 | 65,5 | 89,6 | 75,3 | 55,1 | 56,0 | **73,8** |
| **Лекари** | 71,6 | 61,3 | 87,2 | 62,3 | 48,4 | 45,6 | **69,5** |
| **Свештеници** | 50,2 | 67,7 | 68,8 | 40,9 | 64,3 | 52,7 | **55,0** |
| **Полицајци** | 58,2 | 46,0 | 82,4 | 42,1 | 31,7 | 22,6 | **54,8** |
| **Државни службеници** | 51,9 | 48,2 | 83,7 | 34,5 | 45,2 | 40,8 | **49,6** |
| **Службеници – ЕЛС** | 47,7 | 47,2 | 68,1 | 34,6 | 53,4 | 23,4 | **45,1** |
| **Бизнис консултанти** | 48,1 | 50,5 | 63,4 | 46,4 | 34,2 | 27,0 | **44,3** |
| **Новинари** | 39,6 | 54,5 | 56,6 | 29,2 | 50,8 | 18,4 | **43,0** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цариници** | 42,1 | 34,5 | 66,7 | 29,5 | 29,5 | 13,7 | **37,5** |
| **Судии** | 35,8 | 36,7 | 63,0 | 19,5 | 17,6 | 8,6 | **34,8** |
| **Јавни обвинители** | 34,3 | 34,0 | 65,3 | 18,2 | 20,6 | 5,9 | **32,4** |

Најмала доверба во сите професии имаат жителите од источниот и североисточниот регион. Другите социодемографски карактеристики немаат поголемо влијание во довербата.

**Табела 3.3. Споредба на доверба во соодветни институции и професии (во %)**

| Институција/професија | Институција | Професија |
|---|---|---|
| **Правосудство/ судии** | 30,2 | 34,8 |
| **Образование/ професори** | 68,5 | 73,8 |
| **Здравство/ лекари** | 63,6 | 69,5 |
| **Полиција/ полицајци** | 57,4 | 54,8 |
| **Верски заедници/ верски лица** | 66,9 | 55,0 |
| **Медиуми/ новинари** | 41,0 | 43,0 |
| **Бизнис сектор/ бизнис консултанти** | 46,5 | 44,3 |

Од аспект на разлики во довербата меѓу повеќето институции и соодветните професии, најголема разлика има кај верските лица кои имаат значително помала доверба отколку црквите и верските заедници.

Поголема разлика има и кај образованието со професорите и кај здравството со лекарите.

Меѓу останатите институции и соодветните професии за нив има незначителни или мали разлики во довербата.

# 4. ЗАКЛУЧОЦИ

## Општата доверба во луѓето е мнозинска

Граѓаните имаат мнозинска општа доверба (52,8 %), која е проследена со мал пад во споредба со претходните резултати од 2013. Вообичаено, довербата е поголема кон поблиските луѓе (во соседи и колеги е над 50 %), наспроти непознатите (24,8 %).

Од друга страна, мнозинството граѓани сметаат дека повеќето други луѓе би се обиделе да ги искористат (71,4 %), наместо да постапат чесно (27,9 %).

## Стабилна општа доверба во институциите

Довербата во институциите е стабилна – индексот на доверба изнесува 45,1 и нема значајни промени споредбено со 2013 година, но и со претходните години. Пораст на довербата е присутен кај политичките партии (умерен) и медиумите (мал), додека пад се забележува кај довербата во граѓанскиот сектор (умерен) и во државата (мал).

## Намалување на довербата во институциите на државата

Довербата во државниот сектор иако е сè уште мнозинска забележува умерен пад во 2015 година. Поточно индексот на доверба во институциите на државата во 2015 година изнесува 50,3, наспроти 56,0 во 2013 година. Раст на довербата нема во однос на ниту една институција. Граѓаните сè уште имаат најмногу доверба во АРМ и во образовните институции.

Најголеми промени има во довербата во правосудството со намалување од 12,6 процентни поени, но истата е на нивото од претходните години (2006-2010). Умерен пад на довербата е присутен во однос на претседателот, локалната самоуправа, полиција, образовните и здравствените институции, додека мал во довербата во Собранието, Владата и институциите за социјална заштита. Довербата во АРМ и во комуналните претпријатија не подлежи на значајни промени.

## Мнозинска доверба во институциите на меѓународната заедница

Општата доверба во меѓународната заедница општо гледано, не претрпела значајни промени (од 43,5, на 45,3 %), но состојбата е поинаква кога се работи за довербата во конкретните институции со кои таа е претставена во Македонија (индексот е 60,5 %). Во таков случај, довербата во институциите на меѓуародната заедница: ОН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и Совет на Европа поединечно покажуваат дека таа ужива мнозинска доверба на граѓаните (над 50 %).

## Намалување на довербата во речиси сите професии

Довербата во професиите во 2015 година бележи умерено опаѓање во однос на 2013 година, но е малку повисока од довербата во 2008 и 2010 година. За разлика во 2013 година кога кај сите професии имало зголемување во споредба со 2010 година, скоро сите професии бележат умерено (верски лица, судии), мало (државни службеници) или незначително намалување (полицајци, наставници, лекари, консултанти).

Најголема (мнозинска) доверба и во 2015 година уживаат наставниците, професорите и лекарите, а јавните обвинители и судиите најмала.

# ПРИЛОЗИ

## Прашалник

### Доверба – општо (социокултурни норми)

**П1. Колку доверба имате?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо во луѓето | | | | | | |
| Во соседите | | | | | | |
| Во колегите на работа | | | | | | |
| Во непознати (туѓинци) | | | | | | |
| Во земјаци (сограѓани) | | | | | | |

**П2. Ве молиме да процените користејќи скала од 1 до 10 дали мислите дека повеќето луѓе би ве искористиле, доколку имаат можност за тоа, или дека ќе се обидат да бидат чесни/ фер кон вас?**

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | Повеќето луѓе би се обиделе да постапат чесно |

**П3. Колку доверба имате во секој од следниве сектори?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Државата | | | | | | |
| Приватниот (бизнис/ деловен) сектор | | | | | | |
| Граѓанското општество | | | | | | |
| Политичките партии | | | | | | |
| Медиумите | | | | | | |
| Меѓународната заедница | | | | | | |
| Банките и финансиските институции | | | | | | |

**П4. Наведете колку доверба имате во секоја од следниве институции на државата:**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | | | | | | |
| Собрание на Република Македонија | | | | | | |
| Влада на Република Македонија | | | | | | |
| Локална самоуправа (општини) | | | | | | |
| Правосудство | | | | | | |
| Армија на Република Македонија (АРМ) | | | | | | |
| Полиција | | | | | | |
| Образовни институции | | | | | | |
| Здравствени институции | | | | | | |
| Институции за социјална заштита | | | | | | |
| Комунални претпријатија | | | | | | |

**П5. Наведете колку доверба имате во поединечните институции од меѓународната заедница?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | | | | | | |
| Обединети нации | | | | | | |
| НАТО | | | | | | |

**П6. Колку доверба имате во секоја од следниве професии?**

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Државни службеници | | | | | | |
| Судии | | | | | | |
| Цариници | | | | | | |
| Полицајци | | | | | | |
| Наставници, професори | | | | | | |
| Лекари | | | | | | |
| Свештеници, верски лица | | | | | | |
| Деловни, бизнис-консултанти | | | | | | |

## Примерок

Примерокот опфати 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и региони.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 50,2 |
| Жена | 49,8 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 години | 19,7 |
| 30-39 години | 21,1 |
| 40-49 години | 18,5 |
| 50-59 години | 17,4 |
| Над 60 години | 23,2 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 68,3 |
| Албанец/ка | 23,9 |
| Турчин/ка | 1,7 |
| Ром/ка | 2,2 |
| Србин/ка | 1,9 |
| Влав/инка | 0,5 |
| Бошњак/чка | 0,6 |
| Друго | 0,9 |
| **Припадност на религија** | **%** |
| Православна | 70,4 |
| Исламска | 29,1 |
| Католичка | 0,2 |
| Друга | 0,3 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 86,0 |
| Нерелигиозна личност | 13,0 |
| Атеист | 1,0 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 15,1 |
| Вработен во приватен сектор | 27,1 |
| Земјоделец | 4,8 |
| Студент | 5,7 |
| Домашна работа | 7,3 |
| Невработен | 20,0 |
| Пензионер | 20,1 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 5,1 |
| Повисока средна класа | 25,5 |
| Пониска средна класа | 33,0 |
| Работничка класа | 28,9 |
| Пониска класа | 7,5 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 3,6 |
| Основно | 14,0 |
| Средно | 49,9 |
| Вишо/ високо | 32,5 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 36,4 |
| Урбано (град) | 41,6 |
| Скопје | 22,1 |
| **Месечни приходи по член на домаќинство** | **%** |
| до 1.500 ден. | 5,0 |
| 1.501-3.000 ден. | 3,5 |
| 3.001-4.000 ден. | 4,1 |
| 4.001-5.000 ден. | 5,3 |
| 5.001-6.500 ден. | 6,6 |
| 6.501-8.000 ден. | 8,3 |
| 8.001-11.000 ден. | 10,4 |
| 11.001-15.000 ден. | 14,7 |
| 15.001-24.000 ден. | 18,1 |
| Над 24.000 ден. | 23,2 |
| Без одговор | 0,8 |
| **Политичка ориентација (самоперцепција на скала од 1 до 9)** | **%** |
| Лева | 8,3 |
| 2 | 1,8 |
| 3 | 2,9 |
| 4 | 3,1 |
| 5 | 13,7 |
| 6 | 5,4 |
| 7 | 3,8 |
| 8 | 2,4 |
| 9 | 1,6 |
| Десна | 9,2 |
| Не знам | 26,8 |
| Без одговор | 20,8 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | |
| СДСМ | |
| ДУИ | |
| ДПА | |
| Други | |
| Не сум симпатизер на ниту една | |
| Без одговор | |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 29,0 |
| Југоисточен | 9,0 |
| Источен | 9,0 |
| Североисточен | 9,0 |
| Вардарски | 7,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 16,0 |
| Пелагониски | 11,0 |

## Профил на МЦМС

МЦМС над 20 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите на социјална кохезија (вработување, образование, дијалог и културна различност), локален и рурален развој, граѓанско општество и добро владеење. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.500 проекти со вкупен буџет од 49 милиони евра. Повеќе информации за МЦМС: www.mcms.mk.

## Продолжи со читање

**Листа на публикации на МЦМС:** http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**

**Довербата во граѓанското општество, 2013:** http://www.mcms.mk/images/docs/2013/doverbata-vo-graganskoto-opstestvo-2013.pdf

**Долг пат до поголем граѓански ангажман – Аналитички извештај, 2011**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-izvestaj.html

**Довербатаво Македонија, 2010**: http://www.mcms.mk/images/docs/2011/doverbata-vo-makedonija-2010.pdf

**Довербатаво граѓанското општество, 2008**: http://www.mcms.mk/images/docs/2008/doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2008.pdf

**Довербатаво граѓанското општество, 2007**: http://www.mcms.mk/images/docs/2007/doverbata-vo-gragjanskoto-opstetsvo-2007.pdf

**Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија, 2006**: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/642-doverba-odgovornost-opstestveni-prasanja-dobrotvorstvo.html

## Како да се референцира

Стојанова, Д. (2015) **Довербата во луѓето и институциите** [интернет]. Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). Адреса: <www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1449-doverba-vo-lugjeto-i-vo-instituciite-2013.html> [Посетена на: датум и година].